ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 11-127/1**

**Дата: 18.11.2011**

**ДО**
**ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извешти заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Основен буџет - 637 за 2010 година на Дирекцијата за заштита и спасување (во натамошен текст Дирекција).

Издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Дирекцијата за заштита и спасување за 2007 година и изразено е негативно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за законското и наменското користење на државните средства. Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во извештајот и утврдивме дека е постигнат значителен напредок во имплементација на дадените препораки. Од дадените 13 препораки 5 се целосно спроведени, 5 се делумно спроведени, 1 е во фаза на спроведување и 2 не се спроведени.

Врз основа на резултатите од ревизијата, ние не бевме во можност да изразиме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, додека за прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива, изразуваме негативно мислење.

Ревизијата утврди дека во текот на 2010 година ангажирани се лица преку Агенција за привремени вработувања како и лица со договори на дело, за вршење работи и работни задачи предвидени со Правилникот за систематизација на работните места, што не е во согласност со Законот за

Агенции за привремени вработувања. Вработувањето на лицата преку Агенцијата за привремени вработувања остава простор за субјективно одлучување при избор на лицата, не обезбедува фер конкуренција, односно го крши правото загарантирано со Уставот на Република Македонија, секому под еднакви услови да му е достапно секое работно место.

Со извршената ревизија констатиравме дека не е извршено запишување на правото на трајно користење на недвижни ствари односно градежните објекти, пренесени на користење од Министерството за одбрана, во Агенцијата за катастар на Република Македонија.
Во делот на евидентирањето на опремата со која располага Дирекцијата, набавена и донирана пред 2009 година, констатирани се состојби кои упатуваат на недоследности во начинот на нивното проценување и евидентирање.

При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2009 и 2010 година, ревизијата констатира состојби кои упатуваат на постапувања кои не се во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тоа во делот на: планот за јавни набавки, спроведувањето и текот на самите постапки, надминување на вредноста на склучените договори, известувањето на Бирото за јавни набавки за склучени договори, како и склучување договори за набавка на услуги и добра без спроведена постапка за јавна набавка, детално елаборирани во точката 4.3.
Ревизијата препорачува раководниот орган да преземе мерки и активности за пропишување и донесување на политики и процедури за начинот на постапување при вршењето на набавките и задолжување лица за нивно доследно имплементирање.

Како дел од Програмата за работата на Владата на Република Македонија за 2010 година, реализирани се активности за чистење на каналите за одводнување и речните корита во Република Македонија, согласно Акциониот план за чистење на реки и крајбрежјето на Преспанското Езеро во 2010 година. За реализација на наведените активности одобрени се вкупно 1.005.522 литри нафта од средствата на стоковите резерви. Согласно Законот за стоковните резерви, стоковните резерви се користат во случај на воена состојба, вонредна состојба, елементарни непогоди, еколошки катастрофи како и при поголемо нарушување на пазарот. Активностите кои се планирани во програмата за 2010 година се однесуваат на редовни активности за чистење на речните корита и Преспанското езеро.

Од страна на законскиот застапник на Дирекцијата, на ден 03.11.2011 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност. Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат елементи за промена на утврдените состојби во Нацрт извештајот освен забелешките под точките 4.1.1. и 4.2.3., поради што се додава нов пасус кон наодите. Дел од доставените забелешки претставуваат коментари по изнесените констатации во Нацрт извештајот или дадени појаснувања и образложенија за причините поради кои се настанати одредени состојби како и преземените мерки и активности за спроведување на препораките дадени од ревизијата

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страните од 20 до 22 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Дирекцијата на Основен буџет - 637, која се состои од Билансот на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, биланс на состојба, промени во изворите на капиталните средства и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2007 година на сметката на Дирекцијата Основен буџет - 637, и е изразено негативно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва во однос на законското и наменското трошење на државните средствата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

- Шабан Салиу – директор од 06.05.2008 година и
- Екрем Зендели – заменик директор од 12.08.2008 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите,

финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на Основен буџетот - 637 на Дирекцијата се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради прашањата опишани во делот „Цели и делокруг на ревизија„, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на

постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1 на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Не се обезбедени достатни и соодветни податоци за потврдување на реалноста и објективноста на искажаната вредност на средствата, односно изворите на капиталните средства на Дирекцијата. Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 18.05.2011 до 15.07.2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година и утврдивме дека е постигнат значителен напредок во имплементација на дадените препораки. Од дадените 13 препораки 5 се целосно спроведени, 5 се делумно спроведени, 1 е во фаза на спроведување и 2 не се спроведени.

Во Прилог 3 дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија на ден 26.08.2011 година.

На ден 28.10.2011 година добиени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-127/9.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат елементи за промена на утврдените состојби во Нацрт извештајот освен забелешките под точките 4.1.1. и 4.2.3., поради што се додава нов пасус кон наодите. Дел од доставените забелешки претставуваат коментари по изнесените констатации во Нацрт извештајот или дадени појаснувања и образложенија за причините поради кои се настанати одредени состојби како и преземените мерки и активности за спроведување на препораките дадени од ревизијата.

Текстот на забелешките по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор и Одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

## 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Во текот на 2010 година ангажирани се 43 лица преку Агенција за привремени вработувања и 20 лица со договори на дело, што претставува 1/4 од бројот на вработени, а за вршење работи и работни задачи предвидени со Правилникот за систематизација на работните места. Исплатени се средства во вкупен износ од 12.323 илјади денари што претставува 11% во однос на вкупно исплатените средства за плати на вработените. Ревизијата го констатира следното:

- за лицата ангажирани преку Агенцијата за привремени вработувања исплатени се средства во износ од 9.848 илјади денари. Истите лица во континуитет се ангажирани од 2008 година. Ваквиот начин на ангажирање не е во согласност член 4 од Законот за Агенции за привремени вработувања, согласно кој работник може да се преотстапи во случај на замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, за работи кои не се дел од претежната дејност на работодавачот, непредвидливи и краткотрајни активности, за период не подолг од една година. Вработувањето на лицата преку Агенцијата за привремени вработувања остава простор за субјективно одлучување при избор на лицата, не обезбедува фер конкуренција, односно го крши правото загарантирано со Уставот на Република Македонија, секому под еднакви услови да му е достапно секое работно место.

  На крајот на 2010 година истите лица се вработени во редовен работен однос и
- на лицата ангажирани со договор за дело доделени се задолженија кои не се во согласност со одредбите на член 619 од Законот за облигациони односи каде е предвидено дека

вршителот на работата се обврзува да изврши определена работа (изработка, поправка на предмет, физичка или интелектуална работа) за што работодавецот му исплаќа надомест, што има за ефект незаконска исплата на средства во износ од 2.475 илјади денари.

По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на одговорното лице на Дирекцијата преземени се мерки и заклучно со 28.10.2011 година, раскинати се договорите за дело.

**Препорака:**
Одговорното лице на Дирекцијата идните ангажирања со договор за дело, да ги врши на работи предвидени со законската регулатива.

4.1.2. Со Измената на Правилникот за платите, додатоците и надоместоците на платите и другите примања на вработените во Дирекцијата од 11.03.2010 година, за лицата со посебни овластувања и должности - летачки персонал, во Одделението за специјализирани услуги со воздухоплови (авио-одделение), платата се пресметува и исплатува согласно утврдени бодови, во кои се содржани и фиксни бодови како додаток на плата за работен стаж. Ваквиот начин на утврдување на надоместокот на платата не е во согласност со одредбите на член 54 од Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија, согласно кој на работникот му се утврдува право на 0,5% додаток на плата за секоја година работен стаж. За доделените решенија поднесени се приговори до Комисијата за решавање на управна постапка во Втор степен во областа на работните односи при Владата на Република Македонија и истите се уважени поради наведеното неусогласување.

Со измените на Законот за заштита и спасување од февруари 2011 година, дефинирани се платата, додатоците од плата и други права од работен однос на летачкиот персонал. Ревизијата констатира дека и по извршените измените во законот, додатокот на плата за работно искуство се пресметува со фиксен број на бодови.

**Препорака**:
Раководното лице на Дирекцијата да преземе активности за усогласување на актите за систематизација и внатрешна организација на Дирекцијата, кои ги регулираат платите, додатоците и надоместоците на платите и другите примања на вработените и нивно донесување.

## 4.2. Финансиски извештаи

4.2.1. Со Одлуки на Влада на РМ од 2005 година пренесени се недвижни ствари на користење од Министерството за одбрана и тоа:

- деловни простории, магацини и гаражи, лоцирани во 35 подрачни единици на Дирекцијата, со вкупна површина од 23.407 метри$^2$ и
- засолништа во вкупна површина од 19.940 м$^2$.

Обезбедени се имотни листи за градежните објекти во 9 подрачни единици со површина од 3.636,93 метри$^2$ или за 10,38% од доделените. Формирана е комисија за утврдување на вредности на градежните објекти за кои Дирекцијата има добиено имотни листи и утврдена е вредност од 85.878 илјади денари. На ревизијата не и беше приложена документација за применета методологија и основот за вредноста по кои е извршена проценката. Поради наведената состојба и начинот на извршеното капитализирање, ревизијата не ја потврдува реалноста и објективноста на искажаната вредност на градежните објекти односно изворите на капиталните средства на Дирекцијата.
Во тек е постапка за обезбедување на имотни листи за сите објекти, односно доставено е барање за запишување на правата на недвижности до Агенцијата за катастар на недвижности.

**Препорака:**
Службите на Дирекцијата да продолжат со активностите за обезбедување имотни листи и да извршат соодветна проценка на вредноста на градежните објекти, односно изворите на капиталните средства.

4.2.2. За опремата со која располага Дирекцијата, набавена и донирана пред 2009 година како и пренесената опрема од Министерството за одбрана со Одлуки на Влада на РМ од 2005 година, воспоставена е материјална евиденција во вредност проценета од страна на комисија формирана од Дирекцијата. Дел од наведената опрема има третман на ситен инвентар и истата е дадена на користење на припадниците на силите за заштита и спасување. Наведената опрема е искажана во вонбилансната евиденција со вредност од 119.561 илјади денари, што не е во согласност со член 19 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, согласно кој долгорочните и краткорочните средства се проценуваат како билансни позиции. Во оваа евиденција се вклучени:

- моторни возила во износ од 29.563 илјади денари;
- приколки за возила во износ од 345 илјади денари;

- агрегати за струја во износ од 17.840 илјади денари;
- водни пумпи во износ од 5.056 илјади денари;
- оружје во износ од 125 илјади денари;
- телевизори во износ од 355 илјади денари;
- телефонски централи во износ од 3.425 илјади денари;
- донирана опрема од САД и Данска во износ од 3.697 илјади денари;
- мобилни телефони во износ од 969 илјади денари и
- друга опрема во износ од 58.186 илјади денари.

Ваквиот начин на евидентирање и проценување на опремата во финансиските извештаи има за ефект нереално и необјективно прикажување на опремата и материјалите со кои располага Дирекцијата и нивните извори.

**Препорака:**
Опремата и материјалите со кои располага Дирекцијата, соодветно да се евидентираат за намената за која се користат и да претставуваат дел од позициите во финансиските извештаи.

4.2.3. Во текот на 2009 година реализирана е набавка на противпожарни авиони. Согласно договорот, покрај авионите предвидено е набавка на резервни делови за авионите, како и обука за пилотите. За реализација на договорот, кон странскиот економски оператор исплатени се средства во износ од 437.108 илјади денари. Со увид во документацијата од приемот на добрата, ревизијата утврди дека набавените резервни делови во износ од 20.559 илјади денари (со вклучени даноци и такси) се евидентирани во вкупната вредност на авиони како опрема. Во материјалната евиденција на Дирекцијата, истите се евидентирани, но без поединечна вредност на секој резервен дел, поради фактот што од страна на добавувачот доставена е спецификација на деловите и нивна количина, но без поединечна вредност. Овие резервни делови се опфатени со годишниот попис и е констатирано дека истите сеуште се на залиха.

Во текот на ревизијата извршена е корекција на вредноста на авионите, но резервните делови не се евидентирани како залиха на материјали. Исто така со писмо број 05-2570/1 од 30.06.2011 година, испратено е барање до економскиот оператор за доставување на спецификација со поединечна вредност за набавените делови.

По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на Дирекцијата извршено е евидентирање на набавените резервни делови за авионите.

### 4.3. Користење на средствата согласно законските прописи

4.3.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки во 2009 и 2010 година, извршивме ревизија на 25 од вкупно 66 спроведени постапки. Опфативме 99% од вредноста на склучените договори односно износ од 744.455 илјади денари, при што констатиравме состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки, поради следново:

- планот за јавни набавки не е изготвен во согласност со Правилникот за формата и содржината на годишниот план за јавни набавки и во него не се наведува проценетата вредност на договорите што не е во согласност со член 26 од Законот за јавните набавки, поради што ревизијата не беше во можност да се увери дали истиот е донесен врз основа на утврдените средства за финансирање;
- во текот на 2010 година не е спроведена ниту една постапка користејќи ја електронската аукција, иако била должна да спроведе ваков вид на постапка во најмалку 30% од проценетата вредност на планираните постапки за доделување на договори за јавни набавки почнувајќи од 1 јануари 2010 година, што не е во согласност со член 24 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки;
- членовите на Комисијата за јавни набавки немаат потпишано изјави за постоење или непостоење на судир на интереси кои се составен дел од документацијата за соодветната постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 173 од Законот за јавните набавки;
- Дирекцијата нема воспоставено хронолошко следење на реализација на договорите за јавни набавки, што не е во согласност со член 29 точка 2 од Законот за јавните набавки. Во текот на вршење на ревизијата од страна на Дирекцијата беше изготвен преглед со вкупна реализација по склучените договори за јавна набавка;
- при спроведување на постапки за јавна набавка по пат на “постапка со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас” и дел од “постапките со преговарање без објавување на оглас” во 2010 година, од страна на Дирекцијата не е изработувана поедноставена тендерска документација, туку само техничка спецификација. Неизработувањето на тендерска документација, односно отсуство на барањата, условите, критериумите и други неопходни информации,

оневозможува економските оператори учесници во постапката да располагаат со целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка што не е во согласност со член 32 и член 101 од Законот за јавните набавки;

– при спроведување на постапки за јавна набавка по пат на “постапка со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас” и дел од “постапките со преговарање без објавување на оглас”, како критериум за доделување на договорот се определува економски најповолна понуда за чии елементи (цена и рок на испорака) не се определува максимален број на бодови што не е во согласност со член 161 од Законот за јавните набавки;
– при спроведување на постапки за јавна набавка по пат на “постапка со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас”, во поканата за поднесување на понудите до најмалку три економски оператори не се наведува крајниот рок за поднесување на понудите што не е во согласност со член 100 и член 101 од Законот за јавните набавки. Почнувајќи од август месец 2010 година во поканите за поднесување на понуди се наведува крајниот рок за поднесување на понудите;
– во дел од постапките за јавна набавка, кои се спроведени со преговарање без објавување на оглас, комисијата за јавни набавки, не изготвила извештај од спроведената постапка со детално образложение за причините и начинот на спроведување на постапката и тоа во две постапки за јавна набавка, во износ 3.994 илјади денари, додека во постапката за осигурување на авиони во износ од 10.202 илјади денари, изготвен е извештај од спроведената постапка, без детално образложение за причините и начинот на спроведување на постапката, иако во одлуката за јавна набавка наведени се сите причини согласно законот. Дирекцијата има спроведено во претходниот период две постапки, во кои не е извршен избор, а поради итноста од обезбедување полиси за осигурување на авионите, спроведена е наведената постапка Утврдената состојба не е во согласност со член 99 точка 4 и член 142 од Законот за јавните набавки;
– при спроведување на постапки за јавна набавка по пат на “постапка со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас”, по донесената одлука за избор на најповолен понудувач не се испраќа известување до економските оператори учесници во постапката во кое се наведуваат причините за

прифаќање/отфрлање на понудата што не е во согласност со член 168 од Законот за јавните набавки;

– во дел од спроведените постапки за јавна набавка Дирекцијата ги потпишала и пристапила кон извршување на договорите за јавна набавка пред истекот на 12 односно 5дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право во постапките за доделување на договор за јавна набавка што не е во согласност со член 208 од Законот за јавните набавки и
– Дирекцијата не го известила Бирото за јавни набавки за склучени договори во износ од 165.554 илјади денари, додека за дел од склучените договори во износ од 688.700 илјади денари, го известила Бирото за јавни набавки во рок подолг од 30 дена по спроведувањето на постапката. Утврдената состојба не е во согласност со член со член 55 од Законот за јавните набавки, поради што не се обезбедува транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договорите за јавна набавка.

4.3.2. Спроведена е постапка за сервисирање на моторни возила по вид на возила – лот, за чија реализација во 2010 година со одлуката за јавна набавка се планирани 2.500 илјади денари. Ревизијата ги утврди следниве неправилности:

– во огласот за доделување на договор за јавна набавка наведено е дека набавката ќе се спроведе по пат на отворена постапка со склучување на рамковна спогодба. По завршувањето на постапката склучени се договори со економските оператори, без да биде склучена рамковна спогодба и
– во тендерската документација не е земен во предвид критериумот цена на резервните делови за возилата, иако најголемиот дел од трошоците за сервисирање отпаѓаат на поправка и замена на резервни делови.

Реализацијата на договорите за сервисирање на возилата не ја надминува вкупната вредност на набавката наведена во одлуката за јавна набавка. Во текот на ревизијата, раководното лице на Дирекцијата донесе решение со кое назначи лице кое ќе ја следи реализацијата на договорите за сервисирање на возилата.

4.3.3. Преземени се обврски во вкупен износ од 16.328 илјади денари, по склучени договори за набавка на услуги и работи без спроведена постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 17 и 18 од Законот за јавните набавки. Дел од договорите во износ од 10.075 илјади денари се однесуваат на работи за расчистување на речни корита како последица од временски непогоди, за кои не е

спроведена набавка согласно член 99 став 1 точка 1 од Законот за јавните набавки (Прилог број 1).

Доделувањето на договорите за јавни набавки во постапки кои не се во согласност со Законот за јавните набавки создава можност за ненаменско и незаконско користење на средствата, не обезбедува услови за фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препорака:**
Одговорното лице во Дирекцијата да ги задолжи лицата одговорни за спроведување на постапките за јавни набавки и доделувањето на договорите за јавни набавки, навремено да ги спроведуваат потребните активности со цел надминување на утврдените состојби и обезбедување на законитост во целокупниот процес на јавни набавки.

**Чистење на реките во Република Македонија и крајбрежјето на Преспанското Езеро**

4.3.4. Како дел од Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2010 година, предвидени се активности за чистење на каналите за одводнување и речните корита во Република Македонија. Со одлуки на Влада на Република Македонија, отпочнати се наведените активности со донесувањето на Акциониот план за чистење на реки и крајбрежјето на Преспанското Езеро во 2010 година.
За реализација на наведените активности одобрени се вкупно 1.005.522 литри нафта од средствата на стоковите резерви и тоа:
- 277.000 литри нафта за реализација на планот за 2010 година и
- 728.522 литри нафта дополнително одобрени за реализација на дополнетиот план и за плаќање на обврските кон субјектите кои учествувале во реализацијата на програма за 2010 година. Дел од овие количини, односно 184.000 литри нафта во декември 2010 година, со одлука на Владата на Република Македонија се преотстапени на 24 општини.

Од страна на Дирекцијата и Главното координативно тело, изработени се и донесени се „Процедури за начин и постапка на реализација на Акционен план за чистење на реки и дел од крајбрежјето на Преспанското Езеро во 2010 година„ со кои се утврдени надлежностите, одговорностите и обврските на сите учесници во реализацијата на програмата, начинот на координација,

комплетирање на документацијата, потврдување, доставување, известување и нејзино евидентирање.

Членовите на Главното координативно тело вработени во Дирекцијата, задолжени се да водат секојдневна прецизна евиденција за преземените количини гориво од Агенцијата за стоковни резерви, транспортираните количини до пунктовите во подрачните единици на Дирекцијата, како и за издадените односно потрошените количини на гориво на субјектите учесници во реализацијата на планот.

Во декември 2010 година, Главното координативно тело достави завршна информација до Владата на Република Македонија за реализација на Акциониот план, заклучно со состојба 16 декември 2010 година.

Со цел потврдување на точноста и целосноста на преземените, испорачаните и потрошените количини гориво за реализација на Акциониот План за 2010 година, ревизијата обезбеди податоци преку следните активности:

- увид во документацијата и евиденцијата на Агенцијата за стоковни резерви и прибавување соодветни докази за потврдување на испорачаното количество нафта до Дирекцијата,
- анализа на податоците од завршна информација изработена од Главното координативно тело и доставена до Владата на Република Македонија,
- увид и анализа на воспоставените евиденции и податоци во Дирекцијата и тоа: материјалната евиденција на количини примена нафта во пунктовите во подрачните единици на Дирекцијата и нејзино издавање на фирмите изведувачи на активностите, како и помошна евиденција, за доставеното гориво кон изведувачите и негово раздолжување и
- интервјуа со одговорни лица и непосредните извршители кај наведените органите на државната управа.

Од извршената анализа на приложените податоци, ревизијата ги констатира следните состојби:

- стоковните резерви согласно член 3 од Законот за стоковните резерви се користат во случај на воена состојба, вонредна состојба, елементарни непогоди, еколошки катастрофи како и при поголемо нарушување на пазарот. Активностите кои се планирани во Акциониот план за чистење на реките и крајбрежјето на Преспанското Езеро во 2010, се однесуваат на редовни активности за чистење на речните корита;

- за складирање, точење и чување на нафтата, потребна за реализација на програмата, од вкупно 26 бензински пумпи, Дирекцијата има склучено договори со 16 бензински пумпи, за кои обврските исто така се плаќаат/компензираат со количини на нафта од стоковните резерви;
- евиденцијата за издадената односно испорачаната количина на нафта од страна на Агенцијата за стоковни резерви соодветствува со одобрената количина со Одлуките на Владата на Република Македонија за реализација на Акциониот План за 2010 година, односно издадени се вкупно 1.005.402 литри или во износ од 17.943 илјади денари, и тоа во текот на 2010 година до Дирекцијата испорачани се 734,594 литри нафта и во текот на 2011 година испорачани се 270.808 литри;
- не е изготвена конечна информација за реализација на активностите од програмата од аспект на плаќањата на обврските кон изведувачите;
- евиденција за доставено гориво по подрачни единици, негово издавање кон изведувачите, како и раздолжување по основ на доставените ситуации од фирмите, во Дирекцијата за прв пат е воспоставена во текот на 2010 година, иако и во 2009 година се вршени активности од Акциониот план за дочистување на река Вардар, Брегалница, Лепенец, Пчиња, Црна река и Драгор за 2009 година.
- Воспоставените евиденции на податоци во Дирекцијата за 24 подрачни единици, не содржат целосни податоци за доставеното гориво кон сите подрачни единици, односно недостасува евиденција за 5 подрачни единици за испорачаното, примено и потрошено количество нафта од страна на изведувачите, неговото раздолжување, како и состојбата на 31.12.2010 година, во 6 од нив, евидентирани се 19.335 литри нафта повеќе издадени од примени количини, во 5 подрачни единици евидентирана е залиха на 38.132 литри нафта, а во останатите 8 подрачни единици нема залиха на нафта (Прилог број 2, колона 11). Оваа залиха не одговара на состојбите искажани во материјалната евиденција на Дирекцијата со состојба 16.12.2010 година (Прилог 2, колона 15),
- постои неусогласеност помеѓу помошната евиденцијата на Дирекцијата за примените количини нафта во одделни подрачни единици со евиденцијата на Главното координативно тело во износ од 21.157 илјади денари, иако се работи за ист датум на известување 16.12.2010 година (Прилог 2, колона 6 и 9),

поради што ревизијата не ги потврдува податоците во евиденцијата на Дирекцијата, Завршната информацијата на Главното координативно тело, истите не кореспондираат со податоците од Агенцијата за стоковни резерви и не постои усогласување помеѓу истите.

Согласно Заклучоците од Двесте и втората седница на Владата на Република Македонија од 29.12.2010 година, Министерството за транспорт и врски во соработка со Главното координативно тело и општините, изготви Акционен План за чистење на речни корита во Република Македонија во 2011 година. За реализација на активностите, повторно предвидени се 1.027.803 литри нафта од стоковните резерви. За начинот и постапката за користење на нафтата согласно предвидениот план, надлежноста од Дирекцијата за заштита и спасување пренесена е на градоначалниците на поодделните општини.

**Препорака:**

Одговорните лица во Дирекцијата, вклучени во реализацијата на активностите од Акциониот план за чистење на реки и крајбрежјето на Преспанското Езеро во 2010 година, да преземат активности за комплетирање на документација и целосно евидентирање на податоците за превземените количини гориво од Агенцијата за стоковни резерви, транспортирани до подрачните единици на Дирекцијата, односно пунктовите, издадените односно потрошените количини на гориво на субјектите учесници во реализацијата на наведените активности.

Главното координативно тело да изработи завршна информација за реализацијата на активности од наведениот план, со извештај за одобреното, дистрибуирано и потрошено дизел гориво и истата да ја достави до Владата на Република Македонија.

Користењето на стоковните резерви да се врши за случаи предвидени согласно Законот за стоковните резерви.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупниот ефект од изнесените констатации во точката 4.2. е необезбедени податоци за потврдување на реалноста и објективноста на искажаната вредност на средствата односно изворите на капиталните средства на Дирекцијата.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2., ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Дирекцијата - сметка на Основен буџет - 637 на ден 31 декември 2010 година.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.1., 4.2. и 4.3., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Дирекцијата - сметка на Основен буџет - 637, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за континуитет

6.1. Согласно член 149 од Законот за заштита и спасување, поради видот, природата и сложеноста на работите и задачите што се извршуваат од вработените во Дирекцијата што се ангажирани на работите и задачите од заштитата и спасувањето, поради тежината на работите и посебните услови под кои тие се извршуваат, износот наменет за плата за извршување на тие работи и задачи се зголемува за 30%. Во Дирекцијата не се врши пресметка и исплата на наведените средства.

Исто така, согласно измените на Законот за заштита и спасување, во февруари 2011 година во член 115-г предвидени се додатоци на плата за посебни услови при работа, најмногу до 35% и тоа за прекувремена работа, теренски услови, тревога, учество во природни непогоди, вонредни состојби, воени вежби и слично, за вработените во Дирекцијата како воздухопловен персонал, односно летачкиот персонал, воздухопловно - техничкиот персонал, авиодиспечери и координатор на лет.

Ревизијата смета дека Дирекцијата треба да изработи и донесе акти, со утврдени критериуми, согласно кои ќе се врши пресметка и исплата на платите и надоместоците.

6.2. Согласно меѓународниот ревизорски стандард 560, во текот на ревизијата извршени се корекции на позициите Материјални средства и Извори на капитал, кои во финансиските извештаи за 2010 година, поради сметководствени грешки, беа нереално преоценети. По извршените корекции, како ефекти од ревизијата е намалување на Материјални средства и Извори на капитал во Билансот на состојба за 2010 година за 12.170 илјади денари. Исправките се спроведени со налози за книжење број 1/2011 до 6/2011.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 432,993 | 709,136 |
| **Вкупно приходи** | | **432,993** | **709,136** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 115,752 | 100,005 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 21,998 | 53,084 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 59,451 | 31,069 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 10,660 | 5,501 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **207,861** | **189,659** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 225,132 | 519,477 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **225,132** | **519,477** |
| **Вкупно расходи** | | **432,993** | **709,136** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 3,803 | 52,063 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 11,844 | 16,941 |
| **Вкупно тековни средства** | | **15,647** | **69,004** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 796,218 | 472,141 |
| **Вкупно постојани средства** | | **796,218** | **472,141** |
| **Вкупна актива** | | **811,865** | **541,145** |
| **Вонбилансна актива** | 4.5. | **119,519** | **119,561** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 1,376 | 8,330 |
| Обврски спрема државата и други институции | | 0 | 102 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 10,463 | 8,504 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 3,808 | 52,068 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **15,647** | **69,004** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 796,218 | 472,141 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **796,218** | **472,141** |
| **Вкупна пасива** | | **811,865** | **541,145** |
| **Вонбилансна пасива** | 4.5. | **119,519** | **119,561** |

Република Македонија
Влада на Република Македонија
**Дирекција за заштита и спасување**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 28. 10 2011 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 127/9 | | |

Република Македонија
Влада на Република Македонија
Дирекција за заштита и спасување
Бр: 12-37/2/2
27-10-2011 2011 год.
ул."Васко Карангелевски" бр.бб
1000 Скопје,

Тел. (02) 3247 202
Факс. (02) 3247 225
e-mail: dzs@dzs.gov.mk
odnosisojavnost@dzs.gov.mk

ДО
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Скопје

Предмет: Забелешки по нацрт извештај
од овластениот државен ревизор
доставува,-
Врска : Ваш број 11-127/7 од 20.09.2011година

Почитувани.

По нацрт извештај за извршена ревизија на регуларноста на финансиското работење на Дирекција за заштита и спасување во 2010 година Ви го даваме следното образложение за превземените мерки :

Точка 4.1.1

Наведената забелешка дека лицата ангажирани преку Агенција за привремени вработувања не требало да работат повеќе од една година Ви го даваме следното образложение :

Дирекцијата поведе постапка под број 05-2368/1 од 21.06.2010 година за нивно вработување, за што од Министерство за финансии доби согласност број 02-21309/2 од 05.07.2010 година. Согласно добиената согласност спроведовме постапка за нивно вработување. До крајот на 2010 година сите лица беа примени во редовен работен однос.
Исто така да Ви укажеме дека лицата во континуитет не беа исплатувани односно имаше прекин од еден месец (мај 2010).
Во однос на лицата ангажирани по договор за дело Ве известуваме дека заклучно со 28.10.2011 година на сите лица им е раскинат договорот на дело.(Прилог)

Република Македонија
Влада на Република Македонија
**Дирекција за заштита и спасување**

Точка 4.1.2

Република Македонија
Влада на Република Македонија
Дирекција за заштита и спасува
Бр:___________
_________________2011 год.
ул."Васко Карангелевски" бр.66
1000 Скопје,
Тел. (02) 3247 202
Факс. (02) 3247 225
e-mail: dzs@dzs.gov.mk
odnosisojavnost@dzs.gov.mk

Дирекцијата за заштита и спасување Ве известува дека е во тек измената на Правилникот за платите, додатоците и надоместоците на платите и други примања на вработените во Дирекција за заштита и спасување. Со овој Правилник на Одделението за специјализирани услуги со воздухоплови (авио одделение) ќе им биде извршена измена на решението за плата во кои поединечно ќе биде искажана вредноста на минатиот труд од 0,5%.

Точка 4.2.1 Финасиски извештај

Во врска со забелешката на ревизијата дека не е применета методологијата и основот за вредноста по кои е извршена проценката на недвижниот имот, Ви го даваме следното образложение.

Дирекција за заштита и спасување и пред доаѓањето на ревизијата презеде мерки за обезбедување на имотни листови за градежните објекти , за да се изврши проценка на имотот формиравме комисија.

Комисијата не беше стручна да изврши проценка по методологијата, а за ангажирање проценител не беше исплатливо бидејки се работи за мал број издадени имотни листови.

Во тек е спроведување на постапката за обезбедување на останатите имотни листови, со добивањето на сите имотни листови Дирекцијата ќе распише тендер за вршење на целокупната проценка на имотот согласно Методологијата.

Точка 4.2.2 Финасиски извештај

Согласно Вашето укажување за опремата која е превземена од Министерството за одбрана и донирана истата е искажана вонбилансно.

По овој наод Дирекцијата изврши прекнижување, како доказ Ви доставуваме Налог за прекнижување со што постапката е целосно завршена.(Прилог)

Република Македонија
Влада на Република Македонија
**Дирекција за заштита и спасување**

Точка 4.2.3 Финасиски извештај

Во однос на резервни делови на авионите, Дирекцијата ја спроведе препораката и изврши книжење согласно добиените цени од економскиот оператор.

Во прилог Ви доставуваме Налог за прекнижување, копија од список на цени, копија од материјални листи со формирани цени.

Точка 4.3.1 Користење на средства согласно законските прописи

1. Во врска со забелешката за планот за јавни набавки Ви укажуваме дека планот за јавни набавки е изготвен по стариот Правилник но вредноста на самата набавка ја имавме прикажано во Образложението на буџетот, каде може да се види колку вредносно се искажани набавките.За време на вршење на ревизијата Ви беше доставено Образложението на буџетот.

2. По точка два се согласуваме дека во тој период не е водена електронската аукција. Но согласно Вашето укажување ДЗС веднаш почна со користење на истата и понатака сите јавни набавки се спроведуваат со електронска аукција.

3. За непотпишување на изјава за непостоење на судир на инереси од членовите на комисијата за јавни набавки укажуваме дека се однесува само во еден дел од јавните набавки, а за останатите набавки се потпишани изјави од членовите на комисијата. По денот на укажување на ревизијата во сите наредни јавни набавки се потпишуваат изјави.

4. Согласно Вашата препорака, а во текот на ревизијата изготвен е прегледот за вкупната реализација по склучените договори за јавна набавка и воспоставено е хронолошко следење на реализацијата на договорите за јавна набавка кое во извештајот го потврдувате и самите Вие.

Република Македонија
Влада на Република Македонија
Дирекција за заштита и спасува
Бр:___________
________________2011 год.
ул."Васко Карангелевски" бр.бб
1000 Скопје,

Тел. (02) 3247 202
Факс. (02) 3247 225
e-mail: dzs@dzs.gov.mk
odnosisojavnost@dzs.gov.mk

Република Македонија
Влада на Република Македонија
**Дирекција за заштита и спасување**

Република Македонија
Влада на Република Македонија
Дирекција за заштита и спасува
Бр:___________
________________2011 год.
ул."Васко Карангелевски" бр.бб
1000 Скопје,
Тел. (02) 3247 202
Факс. (02) 3247 225
e-mail: dzs@dzs.gov.mk
odnosisojavnost@dzs.gov.mk

5. По наод од страна на ревизијата дека Дирекцијата на дел од постапката со барање за прибирање на понуди за набавка од мала вредност без објавување на оглас не изработува поедноставена тендерска документација туку само тендерска спецификација Ве известуваме дека по укажувањето, а согласно дадените препораки на ревизијата, набавките од мала вредност кои ги спроведе Дирекцијата ги изврши согласно поедноставената тендерска документација.
6. Во поглед на неопределување на максимален број на бодови,како критериум за доделување на договор имаме во дел од јавните набавки, а не во сите. Недостатокот во наредните набавки веднаш е отстранет.
7. Во врска со спроведување на постапка за јавна набавка по пат на „постапка со барање за прибирање на понуда без објавување на оглас" каде во некои набавки не сме ставиле краен рок за поднесување на понуда, во извештајот имате наведено дека од август 2010 година во поканите за поднесување на понуди се наведува краен рок за поднесување на понуда. Со што констатиравме дека ги имаме спроведено законските прописи уште од август 2010 година .
8. По извршената набавка на авионите АИР трактор за гаснење на пожар моравме да исполниме некои стандарди, кои ги пропишува Агенцијата за цивилно воздухопловство (АЦВ), а во согласно со Законот за воздухопловство (Пречистен текст) Службен весник на РМ118/2010.

   На ден 07.07.2010 год, Комисијата од АЦВ изврши инспекциски надзор со цел утврдување на исполнетост на потребните услови пропишани со Правилникот за начинот за вршење на специјализирани услуги со воздухоплов неопходни за безбедно работење (Сл. Весник на РМ бр. 159/07), за издавање на Уверение за работа.

   Од АЦВ добивме задолжувања, да во рок од 10 дена од денот на приемот на записникот да ги отстраниме

Република Македонија
Влада на Република Македонија
**Дирекција за заштита и спасување**

Република Македонија
Влада на Република Македонија
Дирекција за заштита и спасува
Бр:____________
____________________2011 год.
ул."Васко Карангелевски" бр.бб
1000 Скопје,

Тел. (02) 3247 202
Факс. (02) 3247 225
e-mail: dzs@dzs.gov.mk
odnosisojavnost@dzs.gov.mk

утврдените недостатоци и за истите писмено да се известат.

Дирекцијата за заштита и спасување за да добие Уверение за работа, мораше да набави контејнери за канцеларии за персоналот на авио одделението. Контејнерите беа празни и неадекватни за престој на луѓе, затоа бевме принудени да извршиме адаптација на истите, за што во 2010 година немаше доволно средства од Буџетот на ДЗС. Како институција ДЗС беше под пресија како од АЦВ, Владата на РМ, новинарите, јавноста, вработените во авиооделението и сите засегнати субјекти во државата, за поитно ставање во функција на авио одделението. За таа цел стапивме во контакт со фирмата со која веќе имавме Договор за одржување на опремата за заштита и спасување, струја, вода и канализација и договоривме во пократок временски период фирмата за да ја изврши адаптација на контејнерите согласно условите кои ги постави АЦВ.

Извршена е комлетна адаптација на контејнерите и тоа со вградување на внатрешна изолација, местење на струја, вода, прозорци, врати, подна подлога, вградување на мебел со клупи, столчиња, плакари, панел плочи за греење, безбедносни камери за следење, изработка на кров, поставување на громобрански ленти, олуци за одвод, изолација надворешна со изработка на фасада и други непредвидени работи.На 28.07.2010 год. со акт бр. 16-2164/5, побаравме од АЦВ да дојдат и да извршат увид на состојбата и 29.07.2010 год. комисијата дојде и ја задолжи ДЗС да ги отстрани недостатоците и за истото, писмено да ја информира АЦВ. Недостатоците се евидентирани во записник бр. 08-157 од 29.07.2010 и се однесуваат повторно на создавање услови на работа за пилотите, односно адаптација на контејнерите и повторно не дадоа Уверение за работа.

Бидејќи во тек беа големи пожари авионите не можеа да летаат, а како сеуште немавме дозвола ја замоливме фирмата да ја забрза работата и во

Република Македонија
Влада на Република Македонија
**Дирекција за заштита и спасување**

Република Македонија
Влада на Република Македонија
Дирекција за заштита и спасува
Бр:___________
_______________2011 год.
ул."Васко Карангелевски" бр.бб
1000 Скопје,
Тел. (02) 3247 202
Факс. (02) 3247 225
e-mail: dzs@dzs.gov.mk
odnosisojavnost@dzs.gov.mk

најкратко време да ги обезбедат условите за работа согласно барањата на Агенцијата.

На ден 06.08.2010 година по трет пат е повикана Комисијата од АЦВ да изврши инспекциски надзор за исполнетост на условите кои ни ги поставија, но и тие веќе беа под притисок од Владата, државните органи и медиумите и јавноста, па конечно издадоа Уверение за работа за вршење на специјализирани услуги со воздухоплов бр. 02/2010 од 11.08.2010 година.

Напоменуваме дека адаптацијата не беше целосно завршена и на претседателот на Владата на РМ не можевме да му кажеме дека за адаптација на неколку контејнери не може да летаат авионите кои беа една од поголемите инвестиции на Владата.

Со акт бр. 05-4615/1 од 07.12.2010 година од Министерството за финасии побаравме прераспределба на средствата, како би можеле да ја исплатиме адаптацијата на контејнерите.(Прилог)

На ден 13.12.2010 год. со акт бр. 07-42750/2 ги добивме седствата од МФ со што се создадоа услови и можности за исплата на доставените фактури .

Искрено сметаме дека го зачувавме угледот на Република Македонија и на Дирекцијата за заштита и спасување, при што иако фискалната импликација беше непланирана за буџетот во тековната година, сепак беа спасени многу хектари пошумена површина со непроценлива вредност како во средства така и за задравјето на популацијата на регионот и одржување на екосистемот и биодиверзитетот во загрозеното подрачје, при што неговото нарушување нема цена со што може да се надомести.

За осигурувањето на авионите го даваме следново образложение:

Дирекцијата за заштита и спасување преку комисијата за јавна набавка за осигурување на три авиони на ден 07.04.2010 година со почеток во 11 часот ја отвори постапката за јавна набавка со преговарање без предходно објавување на оглас.

Поради крајна итност за кои ДЗС не можела да ги предвиди проблемите во врска со спроведувањето на

двата предходни тендери кои не можеа да се реализираат, а се однесуваше на осигурување на авионите, бевме принудени да одиме со преговарање со директна спогодба.Во тоа време беше потребно извршување на обука на техничкиот персонал кој ке управува со воздухопловите, а обуката беше предвидена со Договорот и Анекс договорот број 07-870/1 од 01.03.2010г. како и наставниот план за обука која требаше да се изврши во престојниот период во Охрид, а услов беше законска обврска да се осигураат авионите. Првата фаза на обуката се изврши во Шпанија и Италија по што следуваше наредната фаза на обука каде воздухопловите требаше да летаат во Македонија, меѓутоа доколку истите не беа осигурани не смееја да полетаат и со тоа целосно ке пропаднеше обуката на пилотите и техничарите, а со тоа и целиот проект за авиооделението.

Осигурувањето на воздухопловите е еден од важните услови за добивање дозвола за пловидбеност на воздухопловите од АЦВ. Доколку истата не се добиеше воздухопловите ке беа приземјени, целосно не оперативни и неупотребливи за нивната основна намена гасење пожари.Како една од најважните причини за итно осигурување на воздухопловите е наближувањето на сезоната на пожари,која е основна причина и цел поради кој истите воздухоплови се набавени.

За спроведувањето на постапката без предходно објавување на оглас извршивме консултации со Бирото за јавни набавки кои ни ја објаснија постапката и ни го посочија членот 99 од Законот за јавни набавки по кој и ја спроведовме постапката. Поради тоа, итноста за нивно осигурување и настаните кои договорниот орган не можел да ги предвиди се пристапи кон отварање на постапка без предходно објавување на оглас согласно член 99 точка1 ст.1 алинеја 3 од Законот за јавните набавки.

9. По укажувањето од ревизијата дека на некои економски оператори не се доставува известување по

Република Македонија
Влада на Република Македонија
Дирекција за заштита и спасување
Бр:__________
____________2011 год.
ул."Васко Карангелевски" бр.бб
1000 Скопје,
Тел. (02) 3247 202
Факс. (02) 3247 225
e-mail: dzs@dzs.gov.mk
odnosisojavnost@dzs.gov.mk

донесена одлука за избор, Ви укажуваме дека се работи само за дел од постапките кои не се избрани но во наредните објавени тендери целосно постапивме по вашето укажување.

Република Македонија
Влада на Република Македонија
Дирекција за заштита и спасува
Бр:____________
________________2011 год.
ул."Васко Карангелевски" бр.бб
1000 Скопје,
Тел. (02) 3247 202
Факс. (02) 3247 225
e-mail: dzs@dzs.gov.mk
odnosisojavnost@dzs.gov.mk

10. По укажувањето на ревизијата дека не се постапува согласно член 208 од Законот за јавни набавки. Ве известуваме дека се работи само една јавна набавка. ДЗС за споменатата јавна набавка не чекаше на времето за жалба од причини што на јавната набавка учествувал само еден економски оператор и ДЗС беше на мислење дека самиот економски оператор нема да поднесе жалба против самиот себе.

11. Во текот на 2010 година Бирото за јавни набавки ни ја блокира нивната WEB стараница за нас од непознати причини. По интревенција на Дирекцијата WEB стараница на Бирото за јавни набавки беше деблокирана и известувањата ги имаме доставено со подолг рок од законскиот.
Со воспоставувањето на редовна и непречена комуникација на WEB страницата по секоја завршена набавка Бирото за јавни набавки беше редовно известувано за склучените договори.

Точка 4.3.2 Користење на средства согласно законските прописи

Во постапката за сервисирање на моторни возила наодот на ревизијата го прифаќаме и во текот на ревизијата донесовме решение со кое назначивме лице кое ќе ја следи реализацијата на договорот . (Прилог Решение)

Точка 4.3.3 Користење на средства согласно законските прописи

Во однос на превземените обврски по склучените договори за набавка на услуги и работи без спроведена постапка за јавна набавка Ви го даваме следново образложение.
Во согласно со Акциониот план за расчистување на каналите и речните корита кои го изработи Министерството за транспорт и врски, објави јавен повик за ангажирање на фирми кои се заинтересирани за работа во дневните весници. Во прилог на ова

Република Македонија
Влада на Република Македонија
**Дирекција за заштита и спасување**

наше образложение ви имавме дадено фотокопија од објавениот повик за ангажирање на фирми. Дирекција за заштита и спасување не можеше да распише тендер затоа што за оваа работа дознавме подоцна кога фирмите веќе работеа на терен. Од тие причини ние бевме принудени да склучиме договор со ангажираните фирми согласно објавениот повик .

Република Македонија
Влада на Република Македонија
Дирекција за заштита и спасување
Бр:____________
________________2011 год.
ул."Васко Карангелевски" бр.бб
1000 Скопје,
Тел. (02) 3247 202
Факс. (02) 3247 225
e-mail: dzs@dzs.gov.mk
odnosisojavnost@dzs.gov.mk

Точка 4.3.4 Чистење на реките во Република Македонија и крајбрежјето на Преспанско Езеро.

Согласно препораката на ревизијата, одговорното лице да превземе активности за комплетирање на документацијата и целосно евидентирање на податоците за превземените количини на гориво од Агенцијата за стокови резерви Ви ја даваме следнава забелешка:
Сакаме да ве известиме дека Директорот на Дирекцијата за заштита и спасување веднаш ги повика одговорните лица кои беа ангажирани во акцијата за Чистење на реките во Република Македонија и крајбрежјето на Преспанско Езеро да го завршат комплетирањето на целокупната документација во врска со акцијата.
На ден 26.09..2011 година од страна на одговорните лица поднесен е извештај до Влада на Република Македонија за одобрената, потрошената нафта и за недостатокот околу исплатата на ангажираните фирми во расчистувањето на реките и крајбрежјето на Преспанско Езеро.. Воедно да Ви напомениме дека се уште некои фирми ни немаат доставено времени ситуации за да се увиди фактичката состојба на побарувањата.
По добивањето на нафта од страна на Влада на Република Македонија согласно поднесената Информација за исплата на ангажираните фирми сметаме дека целосно ќе се затвори целокупната постапка околу потрошената нафта и спроведувањето на Акциониот план.
Да напоменеме дека во 2011година истата Акција за чистење на реките и речните корита во РМ на ист начин и со исти процедури сега се водат во локалните самоуправи во државата.

.

Република Македонија
Влада на Република Македонија
**Дирекција за заштита и спасување**

Република Македонија
Влада на Република Македонија
Дирекција за заштита и спасува
Бр:___________
______________2011 год.
ул."Васко Карангелевски" бр.бб
1000 Скопје,

Тел. (02) 3247 202
Факс. (02) 3247 225
e-mail: dzs@dzs.gov.mk
odnosisojavnost@dzs.gov.mk

5.Ревизорско мислење.

Мислење за финансиски извештај
По оваа точка сметаме дека нереално се изјаснувате не гледајќи ја макотрпна работа за обезбедување на имотни листови и вршење на проценка на имотот. Не бевме запознаени дека постојат фирми кои вршат процена на имотот според методологијата, затоа ние сами формиравме комисија која изврши процена на дел од имотот.
Сакаме да Ве известиме дека ниту во буџетот на ДЗС не беше предвидено средства за ангажирање на надворешна фирма.
Со обезбедување на сите имотни листови Дирекцијата ќе распише тендер за да се изврши целокупна процена на имотот согласно методологијата. Исто така да напомениме дека имаме голем напредок од ревизорскиот наод од 2007 година па до сега.
Согласно вашата препорака каде ни давате целосна поддршка за продолжување на активностите околу обезбедувањето на имотните листови, сметаме дека треба да добиеме позитивно мислење за досега извршена работа.

Мислење за усогласување со законски прописи

Во оваа точка бараме да се прецизира дека еден дел не е во спогласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

6. Нагласувања на прашања за континуитет
6.1
Согласно Вашата препорака по оваа точка Дирекцијата превзеде мерки за изработка и донесување на подзаконски акти согласно Законот за заштита и спасување, исто така имаме испратено барање број . 05-3929/1 од 18.10.2011 година до Министерство за финансии за одобрувањеа на зголемувањата на буџетот до 30% согласно член 149 од Законот за заштита и спасување, како би можело тоа право, а по утврдување на конкретните во систематизација да се вгради во пресметката и исплатата на платата како надоместок согласно наведениот член од Законот.
Воедно во член 115г со измените на Законот предвидени се додатоци на основна плата најмногу до 35% за посебни услови за работа за вработените кои немаат статус на државни службеници. Правото на плата и додатоците на плата се согласно измените на законот за

Република Македонија
Влада на Република Македонија
**Дирекција за заштита и спасување**

заштита и спасување, законот за работни односи, колективниот договор и договорот за вработување. Дирекција за заштита и спасување пристапи кон преговори со Синдикалната организација и во фаза е изработка на колективен договор на ниво на работодавац. Со утврдување на најниската плата, коефициент на сложеност на работното место и др. параметри како и по потпишување на колективниот договор помеѓу синдикалната организација и работодавачот, како и по обезбедување на дополнителни финансиски средства за негова примена, ќе може да се пристапи кон целосна примена на наведениот член.

Република Македонија
Влада на Република Македонија
Дирекција за заштита и спасува
Бр:___________
________________2011 год.
ул."Васко Карангелевски" бр.бб
1000 Скопје,
Тел. (02) 3247 202
Факс. (02) 3247 225
e-mail: dzs@dzs.gov.mk
odnosisojavnost@dzs.gov.mk

6.2.

Во поглед на нереално проценетите средства и капитал Ве известуваме дека во текот на ревизијата извршена е исправка и спроведени се налози за книжење.

Предвид на горе изнесеното во согласност со вашето кажување , а и со извршената работа на ДЗС сметаме за разлика од 2007година во сите свери од своето работење има постигнато значителен напредок.Во поглед на препораките од 2007година 5(пет) се целосно спроведени , 5(пет) делумно, 1 (една) е во фаза на спроведување и 2(две) не се спроведени.

Со почит.

Изработил:Слободан Радосављевиќ

ДИРЕКТОР
Шабан Салиу

Доставено до
-насловот
-архива
-одделение за финансиски прашања

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
СКОПЈЕ

**Прилог број 5**

**ОДГОВОР**

**на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На ден 03.11.2011 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Дирекција за заштита и спасување за Сметката на основен буџет (637) од законскиот застапник на Дирекцијата, број 12-3712/3 од 02.11.2011 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-127/9.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.1.** кој се однесува за континуирано ангажирање на лица преку Агенцијата за привремени вработувања како и за лицата ангажирани со договор на дело за вршење работи и работни задачи предвидени со Правилникот за систематизација на работните места, **претставува известување** за превземените мерки и активности и тоа:
   - забелешката во делот на **алинеа 1** која се однесува на привремените вработувања **претставува известување** со кое е потврдена констатацијата на овластениот државен ревизор, дека истите на крајот на 2010 година се вработени во редовен работен однос и
   - забелешката во делот на **алинеа 2** која се однесува на лицата ангажирани со договор за дело, **претставува известување** дека законскиот застапник на Дирекцијата ги раскинал договорите за дело.

   Поради наведеното во наодот се додава нов пасус кој е интегрален дел на конечниот извештај и гласи:

   „По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на одговорното лице на Дирекцијата превземении се мерки и заклучно со 28.10.2011 година, раскинати се договорите за дело„.

2. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4.1.2.** кој се однесува на неисплатениот додаток на плата од 0,5% за секоја година работен стаж за лицата со посебни овластувања и должности - летачки персонал во авио-одделението, **не се прифаќа**, од причина што Дирекцијата известува дека во тек е измена на Правилникот за платите, додатоците и надоместоците на платите и другите примања на вработените во Дирекцијата за заштита и спасување, за регулирање на исплатата на ова право, за која активност не се доставени дополнителни докази, со кои ќе се промени утврдената состојба од страна на ревизијата.

3. Забелешката на констатираната состојба во **<u>точката 4.2.1.</u>** кој се однесува на тоа дека на ревизијата не и беше приложена документација за применетата методологија и основот за вредноста по кои е извршена проценката на градежните објекти со кои располага Дирекцијата **<u>претставува образложение</u>** за причините, поради кои Дирекцијата го извршила капитализирањето на градежните објекти со наведената постапка, како и **<u>известување</u>** за превземените мерки за надминување на констатираната состојба.

4. Забелешка на констатираната состојба во **<u>точката 4.2.2.</u>** која се однесува на вонбилансното евидентирање на опремата со која располага Дирекцијата и нејзино неискажување на позициите во финансиските извештаи, **<u>не се прифаќа</u>**, од причина што законскиот застапник во прилог на забелешките известува дека постапил по дадените препораки и извршил евидентирање на наведената опрема, но не достави дополнителни докази (прилог) за потврдување на извршените активности и промена на констатираната состојба од страна на ревизијата.

5. Забелешката на констатираната состојба во **<u>точката 4.2.3.</u>** која се однесува на неевидентирани резервни делови за противпожарните авиони, **<u>претставува известување</u>** за постапување по дадената препорака, односно Дирекцијата приложи налог за книжење број 7/2011, со кој се потврдува постапување.

   Поради наведеното во наодот се додава нов пасус кој е интегрален дел на конечниот извештај и гласи:
   „По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на Дирекцијата извршено е евидентирање на набавените резервни делови за авионите„.
   Препораката се брише.

6. За забелешки на констатираните состојби во **<u>точката 4.3.1.</u>** кои се однесуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки, констатирано е следното:
   - забелешката во делот на **<u>алинеја 1</u>** која се однесува на планот за јавни набавки кој не е изготвен во согласност со Правилникот за формата и содржината на годишниот план за јавни набавки и во кој не се наведува проценетата вредност на договорите, **<u>не се прифаќа</u>** од причина што законскиот застапник известува дека вредноста на набавките е искажана во образложението на Буџетот на Дирекцијата, што ревизорот го имаше во предвид во текот на вршење на ревизијата;

- забелешката во делот на **алинеја 2** која се однесува на тоа дека во текот на 2010 година не е спроведена ниту една постапка користејќи ја електронската аукција, иако била должна да спроведе ваков вид на постапка во најмалку 30% од проценетата вредност на планираните постапки за доделување на договори за јавни набавки почнувајќи од 1 јануари 2010 година, **претставува известување** за превземените мерки до дадената препорака, односно дека започната е примена на електронската аукција во постапките за јавни набавки;
- забелешката во делот на **алинеја 3** која се однесува на тоа дека членовите на Комисијата за јавни набавки немаат потпишано изјави за постоење или непостоење на судир на интереси, **претставува известување** за превземените мерки до дадената препорака односно дека за јавните набавки кои се во тек се потпишуваат изјави од членовите на комисијата;
- забелешката во делот на **алинеја 4** која се однесува на тоа дека Дирекцијата во текот на 2010 година нема воспоставено хронолошко следење на реализацијата на договорите за јавни набавки, **не се прифаќа** од причина што во истата Дирекцијата само ја потврдува констатираната состојба, односно дека во текот на ревизијата е изготвен преглед со вкупна реализација по склучените договори за јавна набавка;
- забелешката во делот на **алинеја 5** која се однесува на тоа дека при спроведување на постапки за јавна набавка по пат на “постапка со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас” и дел од “постапките со преговарање без објавување на оглас” не е изработувана поедноставена тендерска документација, туку само техничка спецификација, **претставува известување** за превземените мерки по дадената препорака односно известување дека за наведените видови постапки отпочнато е изготвување на поедноставена тендерска документација;
- забелешката во делот на **алинеја 6** која се однесува дека на дел од спроведените јавни набавки по пат на “постапка со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас” и дел од “постапките со преговарање без објавување на оглас”, како критериум за доделување на договорот се определува економски најповолна понуда, за чии елементи (цена и рок на испорака) не се определува максимален број на бодови, **не се прифаќа** од причина што Дирекцијата со упатената забелешка ја потврдува констатираната состојба во Нацрт извештајот;
- забелешката во делот на **алинеја 7** која се однесува на тоа дека при спроведување на јавна набавка со “постапка со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас” не се наведува крајниот рок за

поднесување на понудите заклучно до август 2010 година, **не се прифаќа** од причина што Дирекцијата со упатената забелешка ја потврдува констатираната состојба;

- забелешката во делот на **алинеја 8** која се однесува на тоа дека за дел од постапките за јавна набавка, кои се спроведени со преговарање без објавување на оглас, комисијата за јавни набавки не изготвила извештај од спроведената постапка со детално образложение за причините и начинот на спроведување на постапката, **претставува известување** за причините кои довеле до таквиот начин на спроведување на дел од постапките;
- забелешката во делот на **алинеја 9** која се однесува на спроведените постапки за јавна набавка по пат на "постапка со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас", за кои по донесената одлука за избор на најповолен понудувач не се испраќа известување до економските оператори учесници во постапката, **претставува известување** за превземените мерки односно известување дека отпочнато е доставување на известувања до економските оператори;
- забелешката во делот на **алинеја 10** која се однесува на тоа дека Дирекцијата потпишала и пристапила кон извршување на договорите за јавна набавка пред истекот на 12 односно 5 дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право во постапките за доделување на договор за јавна набавка, **не се прифаќа** од причина што не се работи само за еден случај, во кој учествувал само еден економски оператор, туку констатираната состојба се однесува за три постапки со барање за прибирање на понуди и една отворена постапка и
- забелешката во делот на **алинеја 11** која се однесува на тоа дека Дирекцијата не доставила известувања до Бирото за јавни набавки за дел од склучените договори за јавни набавки, а за дел од склучените договори доставиле известувања во рок подолг од 30 дена по спроведувањето на постапката, **претставува известување** за причините кои довеле до наведената состојба.

7. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.2.** кој се однесува на постапката за јавна набавка за избор на економски оператор за сервисирање на моторните возила на Дирекцијата, **претставува известување** со кое се потврдува констатираната состојба, односно дека уште во текот на ревизијата е постапено по препораките и е донесено решение со кое се назначува лице кое ќе ги следи договорите за сервисирање на моторни возила, за што ревизијата известува во Нацрт извештајот.

8. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.3**. кој се однесува на преземени обврски и склучување на договори без спроведена постапка за јавна набавка **претставува известување** за причините кои довеле за наведената состојба.

9. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.4.** која се однесува на реализацијата на Акциониот план за чистење на реките во Република Македонија и крајбрежјето на Преспанското Езеро во 2010 година **претставува известување** за преземени активности во однос на комплетирање на целокупната документација и изготвувањето и доставувањето на извештај до Владата на Република Македонија.

10. Забелешката на **точката 5,** Ревизорско мислење во делот на Мислење за финансиските извештаи, **не се прифаќа** од причина што во поднасловот „Вкупни ефекти од наодите„ овластениот државен ревизор дава информација за ефектот од ограничувањето на делокругот кој е материјален, поради што не може да прибави доволно ревизорски докази за да изрази мислење за финансиските извештаи. Доставените забелешките од законскиот застапник не ги оспоруваат или менуваат утврдените состојби во Нацрт извештајот од извршената ревизијата.

11. Забелешката на Ревизорско мислење во **точката 5,** во делот на Мислење за усогласеност со закони и прописи, **не се прифаќа** од причина што изразеното мислење е вкупен ефект од неусогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, со законите и прописи, кој е материјален и детално образложен во точките 4.1., 4.2. и 4.3..

12. Забелешката на констатираната состојба во **точка 6.1**. која се однесува на потребата од изработка и донесување на акти со утврдени критериуми за пресметка и зголемување на исплата на платите и надоместоците заради остварување право на исплата на 30% односно 35% за дел од вработените во Дирекцијата што се ангажирани на работите и задачите од заштитата и спасувањето, поради видот, природата и сложеноста на работите и задачите што се извршуваат, а во согласност со измените во законската регулатива, **претставува известување** за преземени активности за изработка и донесување на наведените акти. Констатираната состојба претставува нагласување на прашања, за кои ревизорот смета дека треба да се обрне внимание на корисниците на ревизорскиот извештај, истите не влијаат на видот на изразеното мислење и исходот зависи од идни дејства односно настани кои можат да имаат влијание врз финансиските извештаи во нареден период.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________
*2.* ____________________________
*3.* ____________________________ ______________________

13. Забелешката на констатираната состојба во **<u>точка 6.2.</u>** која се однесува на извршени корекции на дел од позициите во финансиските извештаи, **<u>претставува известување</u>** со кое се потврдува констатираната состојба во Нацрт извештајот за извршената ревизија.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________

*3.* ____________________________ ______________________